**Известување за концентрација со која Фронтиер Груп, Антверпен, Белгија ќе стекне контрола над Феранти Компјутер Системс, Антверпен, Белгија**
**(предмет бр. 08-92/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 21.05.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која **Фронтиер Груп (Frontier Group)** со регистрирано седиште на Ле Грелелеи 5, 2600 Антверпен, Белгија ќе стекне самостојна контрола над друштвото **Феранти Компјутер Системс (Ferranti Computer Systems)** со регистрирано седиште на Ромејнсвел 7, 2030 Антверпен Белгија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Фронтиер Груп** е неодамна основано, зависно друштво во целосна сопственост на Меин Капитал VIII Кооператиф У.А. (Main Capital VIII Coöperatief U.A.), фонд управуван од Меин Капитал Партнерс (Main Capital Partners; „Меин Капитал“) друштво со приватен капитал кое врши инвестициски и управувачки активности насочени кон претпријатија од областа на деловен софтвер и ИТ услуги низ Европа и САД, вклучително и стекнување, стратешки развој и надзор над портфолио друштвата преку регулирани инвестициски фондови. Меин Капитал работи исклучиво како инвеститор со приватен капитал и секое локално управување со деловниот потфат се врши, доколку е применливо, од самите портфолио друштва.

Меин Капитал нема директни инвестиции во портфолио друштва во Северна Македонија и, според неговите најдобри сознанија, нема ниту индиректни инвестиции во македонски правни субјекти преку нивните повеќе од 60 портфолио друштва на светско ниво. Соодветно на тоа, Меин Капитал не остварува приходи во Северна Македонија, ниту пак врши било какви продажби на македонскиот пазар.

**Феранти**, член на Нијкерк Груп (Nijkerk Group) од 1994 година, било основано во 1976 година во Антверпен, Белгија. Феранти врши дејност на светско ниво во областа на дигитална трансформација, софтверско инженерство, електроинсталации во индустриски постројки и трговија на големо со информатичка и комуникациска опрема. Нивниот главен производ е MECOMS 365, интегрирана платформа за деловни апликации, наменета за енергетски и друштва од комуналниот сектор на светско ниво, која ги опфаќа следните процеси: управување со корисничко искуство (омниканален пристап и самоуслужување); систем за управување со кориснички информации (договори и фактурирање); управување со податоци од мерни уреди (паметни и рачни мерења); теренски услуги (управување со средства/опрема) и финансии и операции (управување со деловното работење).

Во Северна Македонија, Феранти има едно зависно друштво во целосна сопственост – Друштво за услуги од областа на информатичката технологија МЕКОМС ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Македонија бр. 11А Скопје – Центар со матичен број 7359624 и регистрирана претежна дејност 62.100 – Компјутерско програмирање („МЕКОМС ДООЕЛ Скопје“). МЕКОМС ДООЕЛ Скопје целокупниот приход го остварува преку фактурирање кон неговото владејачко друштво.

За целите на оценка на концентрацијата, подносителот на известувањето предлага релевантниот пазар на производи да се дефинира како ***пазар за обезбедување на ИТ услуги,*** а географскиот пазар да се дефинира како ***територијата на Република Северна Македонија***.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

27.05.2026 година
Скопје